ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ



# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ
# ЗА 2025 ГОДИНА

## СТРУКТУРА
## ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**Граѓански буџет** е прикажување на буџетот на едноставен начин со цел да се информираат граѓаните како се креира и како се трошат распределените средства.

**Буџетот на општината** е акт на локалната власт со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на општината.

Буџетот на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на општината ги демонстрира вредностите и приоритетите на локалната самоуправа.

**Буџетот содржи три дела: општ, посебен и развоен дел.**

**Општиот дел** ги содржи вкупните приходи и другите приливи и вкупните расходи и другите одливи на буџетот за фискалната година, како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години.

**Посебниот дел** содржи план на одобрените средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година. Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

**Развојниот дел** ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти. Во развојниот дел на буџетот се прикажуваат среднорочни планови за програмите за развој наменети за развојни инвестиции одобрени од Советот на Општина Кочани.

# ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

## Приходи на Општина Кочани за 2025 година **(Основен буџет)**

| Извор на приходи | Износ | Учество во вкупните приходи |
| --- | --- | --- |
| Даночни приходи | 136.070.000 | 39,4 % |
| Неданочни приходи | 6.766.000 | 2 % |
| Капитални приходи | 20.720.000 | 6% |
| Трансфери и донации | 181.547.000 | 52,6 % |
| Домашно задолжување | 0 | 0 % |
| **Вкупно** | **345.103.000** | |

Во 2025 година капиталните приходи изнесуваат **20.720.000 денари**, и се **6 %** од вкупно планираните приходи.

## Даночни приходи

| Вид даночен приход | Износ | % во вкупните приходи |
|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 19.150.000 | 5,5 % |
| Данок на имот | 32.000.000 | 9,3 % |
| Данок од специфични услуги | 77.620.000 | 22,5 % |
| Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 7.300.000 | 2,1 % |
| **Вкупно** | **136.070.000** | **39,4 %** |

Од структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот од специфични услуѓи со **22,5 %** од основниот буџет.

| **Вид данок на имот** | **Износ** |
| --- | --- |
| Даноци на имот | |
| • од физички лица | 15.200.000 |
| • од правни лица | 5.200.000 |
| Данок на наследство и подарок | 2.000.000 |
| Данок на промет на недвижности и права | 9.500.000 |
| Камата за ненавремено плаќање | 100.000 |
| **Вкупно** | **32.000.000** |

# Неданочни приходи

| Видови неданочни приходи | Износ |
|---|---|
| Глоби, судски и административни такси | 1.550.000 |
| Такси и надоместоци | 700.000 |
| Други неданочни приходи | 4.516.000 |
| **Вкупно** | **6.766.000** |

## Капитални приходи

Капиталните приходи во 2025 година се проектирани во износ од 20.720.000денари и тоа од: продажба на градежно земјиште, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од легализација на бесправно изградени објекти...

## Трансфери и донации(само основен буџет)

| Видови трансфери и донации | Износ |
|---|---|
| Трансфери од други нивоа на власт | 0 |
| Трансфери од буџетите на фондовите | 4.400.000 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | 24.000.000 |
| Приходи од ДДВ | 63.460.000 |

| | |
|---|---|
| Капитални трансфери од други нивоа на власт | 89.687.000 |
| Донации од странство | 11.800.000 |
| **Вкупно** | **193.347.000** |

Во делот на трансферите од другите нивоа на власт доминираат блок-дотациите од државниот буџет, за остварување на надлежностите во основното и средното образование, социјалната заштита, културата и пожарникарството.

| **Домашно задолжување** | Износ |
|---|---|
| Друго домашно задолжување | 0 |
| **Вкупно** | **0** |

## Расходи на Општина Кочани за 2025 година (Вкупен буџет)

| Видови расходи | Износ | % на учество |
|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 493.827.000 | 57 % |
| Резерви и недефинирани расходи | 550.000 | 0,06 % |
| Стоки и услуги | 139.124.000 | 16,07 % |
| Камати | 2.000.000 | 0,23 % |
| Субвенции и трансфери | 24.218.000 | 2,8 % |

| | | |
|---|---|---|
| Капитални расходи | 196.237.000 | 22,64 % |
| Отплата на главнина | 10.500.000 | 1,2 % |
| **Вкупно** | **866.456.000** | |

Расходи на основниот буџет на Општина Кочани **(Основен буџет)**

| | | |
|---|---|---|
| Вкупен основен буџет | **345.103.000** | Процент на учество |
| Плати и надоместоци | 65.795.000 | 19,1 % |
| Резерви | 550.000 | 0,2 % |
| Стоки и услуги | 63.554.000 | 18,4 % |
| Каматни плаќања | 2.000.000 | 0,6 % |

| | | |
|---|---|---|
| Субвенции и трансфери | 15.850.000 | 4,6 % |
| Капитални расходи | 186.854.000 | 54,1 % |
| Отплата на главнина | 10.500.000 | 3 % |

Процентот на капитални расходи изнесува 54,1 од вкупниот основен буџет.

Во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година се планирани средства за следните надлежности:

| | Надлежност | Износ |
|---|---|---|
| **A0** | Совет на Општина Кочани | 6.670.000 |
| **A1** | Изборни активности и референдум | 200.000 |
| **D0** | Градоначалник на Општина Кочани | 4.650.000 |
| **E0** | Општинска администрација | 79.980.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **EA** | Капитални трошоци на Општината | 6.470.000 |
| **F1** | Урбанистичко планирање | 3.000.000 |
| **F2** | Уредување на градежно земјиште | 300.000 |
| **FA** | Уредување на градежно земјиште, капитални расходи | 18.300.000 |
| **FD** | Уредување на градежно земјиште во рурално подрачје, капитални расходи | 3.500.000 |
| **R1** | Заштита на животната средина, тековни расходи | 2.350.000 |
| **RA** | Заштита на животната средина, капитални расходи | 2.000.000 |
| **G1** | Локален економски развој | 8.695.000 |
| **GA** | Изградба на објекти за домување | 600.000 |
| **GD** | Проекти за енергетска ефикасност | 7.900.000 |
| **К1** | Култура – библиотекарство | 9.535.000 |
| **К4** | Култура, културни манифестации и творештво | 4.500.000 |
| **L0** | Спорт и рекреација | 6.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **LA** | Капитални расходи за спорт и рекреација | 600.000 |
| **N1** | Основно образование | 256.945.000 |
| **NA** | Основно образование (капитални расходи) | 640.000 |
| **N2** | Средно образование | 138.575.000 |
| **NB** | Средно образование (капитални расходи) | 823.000 |
| **T1** | Здравствена заштита | 4.430.000 |
| **V1** | Социјална заштита – Детски градинки | 93.320.000 |
| **VA** | Социјална заштита – капитални расходи | 680.000 |
| **W0** | Противпожарна заштита | 17.709.000 |
| **WA** | Противпожарна заштита – капитални трошоци | 500.000 |
| **X10** | Родова еднаквост | 300.000 |
| | | |
| | **Комунални дејности** | **Износ** |
| **JO** | Одржување на урбана опрема | 500.000 |
| **J1** | Снабдување со вода | 1.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **J3** | Јавно осветлување | 14.900.000 |
| **J4** | Јавна чистота | 8.800.000 |
| **J5** | Јавен локален превоз на патници | 1.200.000 |
| **J6** | Одржување и заштита на локални патишта и регулација на сообраќајот | 2.200.000 |
| **J7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 4.100.000 |
| **J8** | Други комунални услуги | 1.600.000 |
| **JA** | Изградба на јавно осветлување | 3.100.000 |
| **JD** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 132.184.000 |
| **JF** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 1.400.000 |
| **JG** | Изградба на системи за водоснабдување | 2.000.000 |
| **JI** | Изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води | 13.300.000 |
| **JL** | Капитални расходи за други комунални услуѓи | 200.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **JN** | Урбана опрема, капитални расходи | 800.000 |

Буџетот на Општина Кочани е подготвен според буџетскиот календар, со партиципација на внатрешни (Градоначалник, Совет на Општина Кочани, раководители на сектори и одделенија во Општината) и надворешни учесници (граѓани, здруженија, бизнис-заедница) и во фази на буџетскиот процес.

Сектор за финансии

Општина Кочани

www.kocani.gov.mk